Јавно Комунално Претпријатие
БРЕГАЛНИЦА ПО
Бр. 0202-315/1
28.09 2021 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на одредбите од член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги (Сл.весник на Р.М бр. 63/2017), член 19 од Законот за јавни претпријатија, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги (Сл.весник на Р.М бр. 7/2016), Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Брегалница-Делчево за регулиран период 2022-2024 година под бр. УП1.бр. 08-85/21 од 26.07.2021 година и член 15 од Статутот на ЈКП Брегалница-Делчево, Управниот Одбор на ЈКП Брегалница-Делчево на седницата одржана на ден 28.09.2021 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Брегалница-Делчево за регулиран период 2022-2024 година

### Член 1

Се утврдува тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Брегалница-Делчево за **домаќинствата** за регулиран период 2022-2024 година, и тоа:

-За **2022** година тарифата изнесува **30.19 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2023** година тарифата изнесува **30.17 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2024** година тарифата изнесува **30.14 денари/м3** (без ДДВ)

### Член 2

Се утврдува тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Брегалница-Делчево за **правни лица** за регулиран период 2022-2024 година, и тоа:
-За **2022** година тарифата изнесува **50.42 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2023** година тарифата изнесува **50.08 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2024** година тарифата изнесува **49.73 денари/м3** (без ДДВ)

### Член 3

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Брегалница-Делчево на Управниот Одбор на ЈКП Брегалница-Делчево број 0202-493/2 од 23.11.2018 год.

### Член 4

Оваа одлука ќе влезе во сила по добивањето на согласност од страна на Советот на Општина Делчево.

Управен Одбор
на ЈКП Брегалница-Делчево
Заменик Претседател
Билјана Петровска

Јавно Комунално Претпријатие БРЕГАЛНИЦА ПО Делчево